КБ ПРВО ПЕНЗИСКО ДРУШТВО

**ИДНИНАТА, ДЕНЕС!**

www.kbprvo.com.mk



# МЕСЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ

## ЗА ФИНАНСИСКИТЕ ДВИЖЕЊА

**Мај 2023**

Супервизор на капитално финансирано пензиско осигурување е
Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување (МАПАС)
**www.mapas.mk** **02/3224-229**

# ГЛАВНИ ДВИЖЕЊА НА СВЕТСКИТЕ ФИНАНСИСКИ ПАЗАРИ НА КАПИТАЛ

Информацијата за остварениот негативен економски раст на германската економија во текот на првото тромесечје од оваа година и неповолните податоци за економската активност во Кина кои се однесуваат на производството и услугите беа причинители за повеќето од светските пазари на капитал да забележат негативна стапка на принос во текот на изминатиот месец.

Глобалниот индекс MSCI ACWI во текот на мај 2023 година забележа пад од 1,32%, додека од почетокот на годината има остварено позитивен принос кој изнесува 6,77%. Најголем пад постои кај европските акции кои се прикажани преку индексот STOXX 600 од 3,19%, кој сепак од почетокот на оваа година има поголема вредност за 6,32%. Од останатите, тука се акциите од брзорастечките економии и земји во развој измерени преку MSCI Emerging Market индексот кој има пад од 1,90% и MSCI Asia Pacific со пад 1,20%. Единствени кои забележаа позитивен принос беа американските акции прикажани преку S&P 500 индексот кој изнесуваше 0,25% и раст од почетокот на годината за 8,86%.




**MSCI Asia - Pacific -** Индекс кој ги следи движењата на акциите во 13 земји од регионот Азија-Пацифик

**MSCI Emerging Market -** Индекс кој ги следи движењата на акциите во 24 земји во развој

**STOXX 600 -** Европски индекс на акции (котираат во 17 европски држави)

**S&P 500 -** Индекс на акции на 500 американски компании со најголема пазарна капитализација

**MSCI ACWI -** Светски индекс на акции кои ги следи цените на акциите во 47 држави

*Извор: Блумберг*

# ДВИЖЕЊЕ НА МБИ 10 ИНДЕКСОТ

Во насока на светските пазари на капитал се движеше и МБИ-10 индексот кој имаше пад на вредноста од 2,28% во мај 2023 година, но со позитивен принос од почеток на тековната година кој изнесува 3,36%. Единствени кои имаа раст беа акциите на Македонски Телеком и НЛБ Банка изнесувајќи 3,13% и 0,77%, соодветно. Најголем пад во изминатиот месец од 8,60% оствари акциите на Стопанска Банка Скопје. Од почетокот на годината најголем растови бележат Уни Банка со 29,80% и НЛБ Банка со 21,84%, додека најголем пад од почеток на годината е Гранит кој изнесува 8,08%.




*Извор: Блумберг*



# ДВИЖЕЊА НА ПРИНОСИ НА ОБВРЗНИЦИ

Инфлација продолжува да претставува една од приоритетните проблеми за економиите и централните банки размислуваат дали е потребно понатамошно зголемување на основните каматни стапки или запирање на овој процес. Во поглед на стапките на принос на десетгодишните државни обврзници, се уште со најголема стапка е македонската обврзница која изнесува 6,53%, додека со најмала стапка на принос е јапоската обврзница која изнесува 0,44%.

**Движење на стапки на принос на десетгодишни државни обврзници**




** Приносот се однесува на евро обврзница со датум на доспевање со 03/10/2028*
*Извор: Блумберг*



# ДВИЖЕЊА НА ДЕВИЗНИТЕ ПАЗАРИ

Во текот на месец мај, сите долунаведени валути остварија раст во однос на еврото, од кои најголем забележа американскиот долар (USD) изнесувајќи 3,09%, а најмал раст кинескиот јуан (CNY) со 0,43%.

Од почеток на годината, најголем раст во однос на еврото имаа британската фунта (GBP) која има поголема вредноста за 3,05%, додека најголем пад имаа руската рубља (RUB) чија вредност е помала за 8,73%.



**Движење на светските валути во однос на еврото (EUR)**




*Извор: Блумберг*

ИДНИНАТА, ДЕНЕС!
www.kbprvo.com.mk